ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04 - 1209 /1
Скопје, 06.05.2022 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидати по Интерен оглас број 1/2022 за унапредување на административни службеници**

**1.** Во врска со Интерниот оглас број 1/2022, зав. под арх. бр. 04-1049/1 од 19.04.2022 година, објавен на 26.04.2022 година истовремено на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Агенцијата за администрација, а согласно со Финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати со предлог од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр. 04-1130/1 од 29.04.2022 година, за огласените работни места се избираат:

- за работното место од точка 1 од Интерниот оглас: ИНФ 01 02 Б02 001 **Раководител на Сектор за издавачка дејност – редакција и компјутерска обработка на податоци,** 1 (еден) извршител, се избира кандидатот: Вероника Наумовска.

- за работното место од точка 2 од Интерниот оглас: ИНФ 01 02 В01 003 **Советник за огласи** во Сектор за финансиско-материјално работење, претплата, огласи и маркетинг, Одделение за претплата, огласи и маркетинг, со **два извршители,** се избираат кандидатите: Мартин Трајчевски и Мирдита Хамиди.

**2.** Во рок од 5 (пет) дена по конечноста на оваа одлука, за унапредувањето на административните службеници ќе се склучи нов договор за вработување во кој ќе бидат утврдени правата и обврските на унапредените службеници согласно со новите работни места.

**3.** Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб-страницата на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

***О б р а з л о ж е н и е***

Постапувајќи согласно со одредбите на Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр. 04-1130/1 од 29.04.2022 година, донесено од в.д. Директорот на Јавното претпријатие, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници за извршување на работите од точка 1 на ова

решение, а по објавениот Интерен оглас на веб - страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија и на веб - страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за унапредување согласно Законот за административни службеници.

Врз основа на пристигнатите пријави на кандидатите за унапредување, по извршената административна селекција (за работното место од точка 1 Записник број 04 – 1204/1 од 06.05.2022 година и за работно место од точка 2, Записник број 04 – 1205/1 од 06.05.2022 година) и спроведеното интервју на кандидатите и извршеното бодирање: за работното место од точка 1 – Записник од спроведено интервју број 04 – 1206/1 од 06.05.2022 година, за работното место од точка 2 – Записник од спроведено интервју број 04 – 1207/1 од 06.05.2022 година, Комисијата изготви и достави Финална ранг-листа со предлог за избор на кандидати по Интерен оглас, кои ги достави на натамошно постапување на ден 06.05.2022 година до в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот, раководното лице на институцијата е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на горенаведеното, в.д. Директорот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлуката за избор се доставува до избраниот/те кандидат/и и се објавува на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. – Скопје.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена.

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи
  Архива

**в.д. ДИРЕКТОР**
**м-р Владимир Кроневски**

Изготвил: Анел Мехмед, соработник за управување со човечки ресурси

Котролирал: Снежана Кузмановска, помошник раководител на Сектор за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи

Одобрил: Билјана Цветановска, раководител на Сектор за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи